Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 20.12.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

## за определување на висината на надоместокот за судии за турнири од Календарот на ТФСМ и меѓународни турнири во 2022 година

Член 1

I. Судии за меѓународни турнири

| TURNIR | Referee | International Chair Umpire | White badge Chair Umpire | National Assistant | Additional Chair Umpire | Line Umpire |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | US $ | US $ | US $ | US $ | Den./day | Den./day |
| DAVIS CUP | D.C. fee | D.C. fee | D.C. fee | 300 | / | 1.250,00 |
| ATP CHALLENGER | ATP Fee | By ATP | / | 300 | / | 1.250,00 |
| ITF Pro Circuit | ITF Fee | ITF Fee | ITF Fee | 250 | 2.500,00 | 1.250,00 |
| ITF | 700 | / | / | 250 | 1.250.00 | / |
| TE JUNIORS | 650 | / | / | 250 | 1.000,00 | / |
| ITF / TE SENIORS | 400 | / | / | 200 | 1.000,00 | / |

Член 2

Судиите во зависност од пропозициите за турнирот ги делегира ИТФ, ТЕ и ТФСМ.
Сместувањето, исхраната и исплатата на судиите, ТФСМ или клубот организатор го врши согласно правилата и пропозициите на ИТФ и ТЕ за секој турнир поодделно.

II. Судии за домашни турнири

Член 3

| ТУРНИР | Главен Судија | Судија на стол |
|---|---|---|
| | Денари | Денари |
| КАЛЕНДАР ТФСМ | 4.000,00 | 1.250,00 |
| КАЛЕНДАР ТФСМ Државни Првенства | 5.000,00 | 1.250,00 |
| КАЛЕНДАР ТФСМ со Награден Фонд | 7.000,00 | 1.250,00 |
| КАЛЕНДАР ТФСМ ДЕТСКИ ТЕНИС (Црвен, Портокалов И Зелен Тенис) | 2.500,00 | |

Член 4

Доколку од одредени и оправдани причини турнирите ДЕТСКИ ТЕНИС треба да бидат продолжени, максимално за еден ден, со дозвола од Судиско Натпреварувачкиот комитет, при што на Главниот судија/Делегат ќе му биде исплатена една дополнителна невница на износ од 1.250,00 денари.

Член 5

Судиите и помошниците судии за турнирите од Календар на ТФСМ ги делегира ТФСМ.
Судиите за миди / мини турнирите ги делегира ТФСМ а помошниците клубот организадор.
Главниот судија е должен по завршување на турнрот да изготви извештај за одржаниот турнир од кој еден примерок ќе остави на клубот организатор а еден примерок ќе достави до ТФСМ најдоцна во рок од 3 дена по завршување на турнирот.

Член 6

Исплатата на судиите за домашни турнири го врши ТФСМ.
Исплатата на судиите за меѓународните турнири организирани од ТФСМ го врши ТФСМ.
Исплатата на судиите за меѓународните турнири организирани од клубовите го вршат клубовите организатори ТФСМ.
Сите горенаведени суми се нето исплати на кои се пресметува персонален данок.
За делегираните судии клубот организаторот е должен да обезбеди храна за времетраењето на тунрирот, трошоци за превоз до и од местото на организирање на турнирот како и сместување за делегираните судии кои не се од местото на одржување на турнирот.

Член 7

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2022 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 20.12.2021 година